ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СУ-01.бр.9/23
30.01.2023 година
К р а т о в о

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Основниот суд Кратово**
**за 2022 година**

## 1. Податоци за работа со предмети

| Остаток на нерешени предмети од претходната година | Прилив на нови предмети | Вкупен фонд на предмети во работа | Број на решени предмети | Остаток на нерешени предмети на крајот од годината |
|---|---|---|---|---|
| 231 | 2829 | 3060 | 2831 | 229 |

Основен суд Кратово во извештајната 2022 година е **ажурен суд** имајќи во предвид дека како остаток нерешени предмети од претходната година се 231, со прилив на нови предмети во текот на 2022 година од 2829, при што е совладан приливот на нови предмети и се решени предмети од заостатокот, па така на крајот на 2022 година како остаток нерешени предмети се 229 предмети.

Основен суд Кратово покрај големиот недостаток на човечки ресурси имајќи го во предвид природниот одлив на судски службеници и на судии поради пензионирање, а недостаток од нови вработени од една страна, а од друга страна имајќи го во предвид зголемениот прилив на нови предмети кои оваа година се 2829 предмети, споредбено со претходните години и тоа во 2019 година од 1873, во 2020 година од 1638 и во 2021 година 2559 предмети, сепак со дополнителна реорганизација и дополнително доделени работни обврски на секој вработен и зголемена ангажираност на сите вработени, со успех ја заврши извештајната година и успеа да биде во групата на ажурни судови.

## 2. Извештај за човечки ресурси

- **Организациската поставеност и систематизација, планирани и реализирани вработувања**

Вкупниот број на предвидени работни места, категориите, нивоата, звањата и работните места на судските службеници, работните места на работниците што вршат технички и помошни работи во судот и припадниците на судската полиција, стручните квалификации, работното искуство и посебните работни компетенции за вршење на работите и описот на работите и работните задачи во Основниот суд Кратово се утврдени со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Кратово.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Кратово предвидени се вкупно 53 работни места кои треба да бидат пополнети во судот. Од вкупниот број работни места, во Категорија Б - раководни судски службеници се предвидени 8 работни места, во Категорија В - стручни судски службеници се предвидени 9 работни места, во Категорија Г – помошно - стручни судски службеници се предвидени 24 работни места, а останатите работни

места се предвидени за судската полиција и тоа 6 припадници и за вработените во судот кои вршат технички и помошни работи 5 работни места.

На 01.01.2022 година во Основен суд Кратово работните задачи за кои е надлежен судот беа извршувани од вкупно 15 вработени во судската служба, односно вработени на неопределено работно време.

Во текот на 2022 година, на тројца вработени во судската служба им престана работниот однос поради исполнување на условите за остварување на правото на старосна пензија и тоа на еден вработен судски службеник на работно место „Дактилограф" со звање „Судски референт" му престана работниот однос во судот, сметано од 13.07.2022 година, на еден судски службеник на работно место „судски референт за прием и експедиција на пошта" сметано од 24.10.2022 година и на еден судски полицаец сметано од 18.04.2022 година.

**Со завршувањето на 2022 година овие работни места останаа упразнети и непополнети, а судот остана само со 15 вработени во судската служба од кои само 9 судски службеници кои се вработени на неопределено време. Од овие 9 судски службеници во 2023 година ќе замине во пензија уште еден судски службеник со звање помлад судски референт – доставувач, со што ситуацијата со човечки ресурси во судот ќе биде алармантна и ќе нема судски службеници кои ќе можат да ги извршуваат тековните работни обврски, а особено ако се има во предвид дека од овие 9 судски службеници двајца се помлади судски референти-доставувачи кои се со основно образование и не може да им бидат доверени работни задачи од судските оддели, еден е благајник кој е во исто време и возач и му се распоредени други работни обврски кои не се од областа на судската служба, еден е сметководител на кој од неопходни причини за да функционира извршувањето на прекршочните санкции му се распоредени овие предмети и еден е иформатичар. Па според тоа остануваат само 4 судски службеници кои се поврзани директно со постапувањето во судските предмети, што е загрижувачки и ваквата состојба не може да опстои на подолг рок и ќе дојде до застој во работата по судските предмети и блокирање на целиот суд.**

Годишниот план за вработување на Основен суд Кратово за 2022 година не беше одобрен од страна на Судскиот буџетски совет и не беше одобрено ниту едно од планираните 10 вработувања од наша страна во истиот план.

Во текот на оваа 2022 година согласно одобрениот годишен план за вработување за 2021 година беа реализирани едно вработување на работно место „водител на писарница" со звање „самостоен судски референт" и едно унапредување на судски службеник од звање „Судски соработник" во звање „Судски советник", од причина што согласностите од страна на министерството за финансии за одобрени финансиски средства за овие работни места беа доставени до судот на 23.12.2021 година и немаше можност да се спроведе во целост постапката во текот на извештајната 2021 година, па истите постапки се реализираа во текот на оваа 2022 година.

Исто така во текот на оваа година се изврши едно вработување на припадник на судската полиција со превземање од министерството за одбрана сметано од 01.09.2022 година.

Поради ова во Основен суд Кратово состојбата на крајот на 2022 година е следната:

-од категоријата Б - раководни судски службеници, од предвидените 8 работни места не е пополнето ниту едно работно место,

-од категоријата В - стручни судски службеници од предвидените 9 работни места пополнети се 2 работни места и тоа 1 судски службеник со звање „советник" - на работно место информатичар и 1 судски службеник со звање „судски советник",

-од категоријата Г - помошно-стручни судски службеници од предвидените 24 работни места, пополнети се 7 работни места и тоа: 1 судски службеник со звање

„самостоен судски референт“ – на работно место „водител на писарница во граѓански оддел“,1 судски службеник со звање „самостоен судски референт“ – на работно место „водител на писарница во кривичен оддел“, 1 судски службеник со звање „самостоен референт“ на работно место „сметководител“, 1 судски службеник со звање „виш судски референт“ - на работно место „благајник“, 1 судски службеник со звање „судски референт“ на работно место „Дактилограф“ и 2 судски службеници со звање „помлад судски референт“ на работно место „доставувач“.

Од останатите вработени во судот од предвидените 6 припадници на судската полиција пополнети се 4 работни места и од вработени во судот кои вршат технички и помошни работи од предвидените 5 работни места потполнето е само 1 работно место - хигиеничар во судот.

**Во Годишниот план за вработување за 2022 година кој го изготви судот и го достави на одобрување до Судски буџетски совет, имаше планирано 10 нови вработувања и тоа на работните места со звање: самостоен судски референт- 3 извршители, судски референт – 3 извршители, помлад судски соработник – 1 извршител, судски соработник – 1 извршител, виш судски референт – 1 извршител и припадник на судската полиција - 1 извршител, но од страна на Судскиот буџетски совет при изготвувањето на единствениот годишен план за вработување во судовите не беше одобрено ниту едно работно место, па поради тоа испразнетите работни места по основ на пензионирање ќе останат непополнети во судот иако за тоа има неопходна потреба бидејќи судот во текот на наредната година ќе се соочи со недостиг на кадар од водител на прекршочна писарница, судски референт за прием и експедиција на пошта и од дактилографи и со тоа ќе дојде до застој во работата на судот.**

Во 2022 година организацијата на работата во Основниот суд Кратово беше организирана во два оддели и тоа:

1. Кривичен оддел и
2. Граѓански оддел.

Судско-административната работа во рамките на одделите се извршува во следните судски писарници:

-Приемна писарница (прием на поднесоци, писмена итн. за двата оддели);

-На кривичниот оддел: кривична (полнолетни) писарница, прекршочна писарница, писарница за извршување на кривичните санкции, писарница за извршување на прекршочните санкции и писарница за казнена евиденција, и

-На граѓанскиот оддел: парнична и вонпарнична (со оставина) писарница.

Доставната служба, одделението за информатика, одделението за финанасиско и материјално работење, судската полиција и техничкиот и помошниот персонал се организираат како логистика за работата на двата судски оддели, односно судот во целина.

Основниот суд Кратово во текот на оваа година како суд со основна надлежност судската власт ја извршуваше со 3 судии колку што се и утврдени судиски места за овој суд со одлука на Судскиот совет на РСМ, сметајќи до 15.07.2022 година кога на еден судија му престана функцијата поради остварување на правото на старосна пензија. Со тоа сметано од 16.07.2022 година до крајот од 2022 година во судот останаа функцијата да ја вршат само еден судија и Претседателот на судот кој постапуваше и како судија по судските предмети.

Според распоредот за работа на судот за 2022 година и двајцата како судии постапуваа по предмети од сите области и предметите беа распределувани со автоматска распределба во АКМИС системот.

- **Проценка на безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот според стандардите**

Работното време во судот е од 07:30 до 15:30 часот. Паузата во текот на работното време се користи од 11:00 до 11:30 часот. Временскиот период за работа со странки во судските писарници е од 09:30 до 14:30 часот. Работното време во приемната писарница за странки е од 07:30 до 15:30 часот.

За безбедноста во судот се грижат четири припадници на судската полиција кои работат 24 часа на обезбедување на судската зграда. Вработените во судот се должни да се придржуваат на работното време и да бидат на своите работни места без непотребно задржување во другите простории на судот. Во работните простории во судот не е дозволено да се прави непотребна врева и прегласен разговор со што би се нарушил работниот процес. Просториите во судот, освен оние кои се наменети за престој на странките и нивните полномошници се заклучуваат кога во нив не се наоѓаат вработените во судот. По завршувањето на работното време предметите, службените материјали, кацеларискиот прибор, други предмети од поголема вредност, печатите и штембилите се заклучуваат. Сите простории треба да имаат резервни клучеви кои се чуваат кај судската полиција. Вработените се должни пред напуштањето на работните простории да проверат дали се затворени прозорците и изгасени светлата, компјутерите и другите електрични уреди. Припадниците на судската полиција по работното време се должни да вршат редовна контрола на просториите и состојбата во и околу судската зграда.

Зградата на судот има еден влез, кој се наоѓа од страната на ул.„Јосиф Даскалов“ и го користат судиите, вработените во судот, странките и другите лица кои влегуваат и излегуваат од судската зграда. За правилно користење на влезот на судот е одговорна судската полиција, која е должна да обезбеди непречено поминување на вработените, странките и другите лица кои влегуваат и излегуваат од судската зграда.

Укажуваме дека нема поставено метал-детектор врата и истата е потребно да се набави за поголема безбедност во судот, а судската полиција користи рачен метал-детектор апарат кој сепак не е доволно да обезбеди сигурна детекција на метали при влезот на странките и други лица кои го посетуваат судот.

При влезот на странките и други невработени лица, судската полиција врши легитимирање со увид во нивните лични исправи, а доколку се работи за лице без покана за рочиште, се евидентира влезот и причината заради која влегува во судската зграда. Доколку се работи за странки или други лица кои се повикани на рочиште, судската полиција е должна да изврши увид во поканите и да ги упати на местото за каде се повикани. Ако е во прашање странка односно лице кое бара прием кај Претседателот на судот или судија, припадникот на судската полиција е должен да ја најави странката и да ја упати доколку е одобрен приемот. На лицата во алкохолизирана состојба и под дејство на наркотици, судската полиција нема да им дозволи влез во судската зграда. Забрането е задржување на странките и другите лица во судот по завршување на потребата од нивното присуство во судот. Во судниците, како и во просториите за разгледување на списи, забранета е употребата на мобилните телефони.

Надзорот над движењето на лицата кои престојуваат во судската зграда го вршат припадниците на судската полиција преку непосредно забележување и преку системот за видео надзор. Судската полиција го одржува редот во судот, го заштитува животот на сите присутни во судската зграда и просторот околу зградата на судот. По завршувањето на работното време за безбедноста на зградата и имотот на судот одговара судската полиција. Судската полиција при влез на странки и други лица во судот може да врши преглед и претрес на лица и проверка на предметите кои тие ги внесуваат во судот и притоа го користат и рачниот метал детектор бидејќи на влезот во судот нема поставено метал детектор врата. Забрането е внесување на огнено и друг вид на оружје во судот. Лицата кои носат службено оружје при влезот во судската

зграда се должни да го предадат на судската полиција. Доколку странката или друго лице го нарушува редот и мирот во судската зграда, судската полиција презема соодветни безбедносни мерки. Фотографирање, аудио и видео снимање во судската зграда, може да се врши само со писмено одобрение од Претседателот на судот.

Во текот на 2022 година поради пандемијата од корона вирусот Ковид – 19, организацијата на работата се одвиваше со преземање на дополнителни заштитни здравствени мерки во поглед на секојдневното функционирање на судот. Имајќи ги предвид препораките на здравствените власти и владата додека истите траеја во текот на оваа година се организираше работата согласно пропишаните протоколи и при тоа се користеа средства за дезинфекција, заштитни маски од страна на вработените, од страна на припадниците на судската полиција задолжително се мереше телесна температура на секој кој што влегуваше во судската зграда, а со цел спречување на ширењето на вирусот меѓу вработените.

## 3. Извештај за усогласување на судска пракса

- **Извештај за одржани состаноци во врска со усогласување на судската пракса на ниво на оддели, колегиуми и судови, заземени ставови за усогласување на судската пракса**

Поради малиот број на судии кои што ја вршат функцијата во судот, судиите за секое спорно или карактеристично прашање околу примената на законските прописи, како и изнесените правни мислења во одлуките на повисоките судови, имаат можност и редовно (најмалку еднаш неделно) се состануваат и разменуваат мислења, искуства и дискутираат на седниците на судии, а со цел усогласуваање на судската пракса во судот. При редовната годишна контрола на работата на судот од страна на Апелациониот суд Скопје, на заедничката седница се разјаснуваа определени правни прашања по барање на судиите и се изнесуваа ставови на судиите од повисокиот суд од интерес за воедначување на судската пракса во определени специфични случаи и единствената примена на законите.

Бидејќи сите судии работеа на предмети од сите правни области, а во судот нема посебни оддели, па поради тоа и судиите имаа можност сите заедно да ја усогласуваат судската пракса на ниво на целиот суд по сите видови предмети за кои е надлежен да постапува судот.

## 4. Извештај за односи со јавност

- **Податоци за работа на канцеларијата за односи со јавност (контакти)**

Граѓаните на Република Северна Македонија можат да добијат информации од јавен карактер што ја изготвил или со која располага Основен Суд Кратово со пополнување на - Барање за пристап до информации од јавен карактер, кое може да го добијат во архивата на Основниот суд Кратово или да го симнат од веб страната на судот www.oskratovo.mk, односно судскиот портал www.sud.mk.

Барањето за информација од јавен карактер може да се достави во писмена форма на адресата на Основен суд Кратово, ул.„Јосиф Даскалов", бб, Кратово, или во електронска форма на e-mail:osnovensudkratovo@oskratovo.mk како и на тел.факс.бр.031-481-986.

Граѓаните може да се информираат за сите прашања од нивен интерес што се поврзани со правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и на телефонскиот број: 031-481-018.

Во Основен суд Кратово согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за службено лице за посредување со информации е определен судскиот службеник Диме Петрушевски, судски советник во судот.

- **Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање**

Во 2022 година до Основниот суд Кратово се поднесени вкупно 9 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер кои што генерално се однесуваат на стастистички податоци за видови на предмети и донесени одлуки од одредена област по кои постапува овој суд, а на кои што барања е позитивно одговорено во законскиот рок, во постапка согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- **Број на објавени одлуки на веб страната на судот, фактори кои влијаат на објавите**

Во 2022 година на WEB страната на Основен суд Кратово односно судскиот портал се објавени вкупно 82 анонимизирани правосилни судски одлуки. При објавување на одлуките немаше никакви пречки и истите се објавуваа редовно со користење на модулот за анонимизација на одлуките преку АКМИС системот.

- **Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот**

- Во Основен суд Кратово во текот на 2022 година на веб страната на судот редовно се објавувани календарите за закажани судења кои се достапни за јавноста, а поради транспарентност и јавност во работењето на судот редовно се објавувани разновидни тековни известувања и корисни информации кои се од јавен интерес како и сите јавни огласи за вработување на судски службеници во судот.

- Во текот на 2022 година по повод одбележувањето на Европскиот ден на правдата, Основниот суд Кратово на 25.10.2022 година организираше отворен ден во просториите на судот за сите граѓани, а на покана од Претседателот на судот, судија Мирослав Георгиевски, организирано присуствуваа ученици од СОУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово и ООУ „Кочо Рацин“ Кратово, кои што одблизу можеа да се запознаат со работата и со надлежностите на судот, како и можноста за остварување на своите основни права во повеќе области, достапноста до правдата и нејзиното спроведување, како и претставници од адвокатите и од нотарите кои што имаа соодветна презентација пред присутните.

- **Извештај за меѓународна соработка на судот**

Во текот на оваа година судот нема остварено соработка од меѓународен карактер.

## 5. Извештај за информатичка технологија

- **Примена на програмски апликации во судот, извршени промени, доградба, воочени проблеми и предлози за подобрување**

Во Основниот суд Кратово работата по судските предмети се одвива целосно во програмот АКМИС - од приемот на поднесокот, до изготвувањето на одлуките и архивирање на предметот. Новите верзии на оваа програмска апликација од страна на одговорната фирма за одржување на програмата навремено се инсталираат и се усовршуваат нејзините можности. За што пореален одраз на преземените активности во самиот софтвер и за надградбата и одржувањето на АКМИС судот нема никаква надлежност туку само одговорната фирма за негово одржување.

Во одделението за сметководство се користи АБМС – системот кој што има постојани проблеми при користењето од страна на овластените службеници, а особено во деновите кога се прави пресметка на платата за вработените, кога доаѓа до целосно закочување на системот и до неможност за навремено изготвување на

електронските налози за фактурите за плаќање и навремено доставување до трезорот за реализација на обврските кои ги има судот кон доверителите. Неопходно е подобрување на оваа програма како не би се соочувале со проблеми во работењето.

За тонско снимање на рочиштата се користи СРС ФЕМИДА системот односно софтверот за водење на тонски записи на рочиштата, за кој што не постои одржување во смисла за надградба на системот како и за замена на технички неисправните компоненти и нема надлежна и одговорна фирма за овој систем. Поради ова итно е потребно да се најде начин да се одржува овој систем бидејќи истиот во овој суд е инсталиран само во една судница и веќе застарува опремата, еден микрофон не функционира и истиот нема кој да го замени со соодветен иако тој проблем е пријавен. Потребно е да се инсталира уште еден систем за тонско снимање во друга судница со цел да може да се исполни законската обврска за тонско снимање на рочиштата, во спротивно би се појавил проблем за кратко време од овој тип во судот.

Други софтверски програми кои се користат во судот се за индивидуални потребни интервенции на компјутерите и ако е потребно сервисирање се употребуваат дополнителни помошни апликации кои се бесплатни односно не е потребна лиценца за истите. На компјутерските конфигурации кои се во функција во судот се користат Windows 10 Pro – лиценциран, Windows XP, Windows Server 2008, Open Office, лиценциран Kaspersky антивирус – инсталиран на сите компјутери, потоа Роџер систем за контрола на влез и излез во судот, ВМВаре за виртуелните машини на серверите.

Во текот на оваа година се спроведе јавна набавка на информатичка опрема - спроведена од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија за сите судови, при што за Основен суд Кратово беа набавени 4 персонални компјутери, 3 принтери и 1 скенер.

Исто така од страна на Врховниот суд на РСМ се спроведе јавна набавка на нови сервери и друга ИКТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот со сите надградби при што е инсталиран нов сервер во судот и друга потребна опрема во сервер салата.

Судот има потреба од замена на сите компјутери кои работат со Windows XP со нови компјутери кои ќе работат со Windows 10 Pro -5 компјутери, 1 скенер, 5 принтери, бидејќи со добивањето на новиот сервер за АКМИС потенцирано е дека ќе се користат исклучиво компјутери кои ќе работат со Windows 10 оперативен систем, а компјутерите со Windows XP да се отстранат од употреба, а истовремено таа опрема е веќе постара од 5 години и е амортизирана и истата работи забавено и со секојдневни проблеми. Во салите за тонско снимање и судење УПС системите за непрекинато напојување со електрична енергија се сервисирани во 2022г. а истите треба да се обноват бидејќи тоа претставува ризик за тонското снимање и судењата, бидејќи во текот на судењата поради честите прекини на електрична енергија може да дојде до загуба на податоците.

Потребна е набавка на еден Сеф (метален шкаф) за чување на цедиња од тонските записи на судските рочишта бидејќи судот има обврска да ги чува 5 години.

## 6. Извештај за опременост и одржување на зграда на судот

- **Анализа на состојбата и предлози за подобрување**

Основниот суд Кратово работи во сопствена судска зграда која функционално одговара за намената на основен суд, во која за секој судија има своја канцеларија со сопствено работно биро и компјутер. Во судот има 3-три судски сали опремени за судење во кои се одржуваат судските рочишта, од кои една сала е опремена за тонско снимање на рочиштата во парнична постапка.

Сериозен проблем во работењето на Основниот суд Кратово кој со години се провлекува е тоа што судот има систем за загревање-парно кое што работи на електрична енергија и кое што е неекономично, застарено и не ја постигнува задоволувачката температура за нормална работа во судските простории. Со цел да се направи заштеда на електрична енергија и загревањето на судот да биде поефикасно потребно е исто така и старите и дотраени дрвени прозорци на судот да

се заменат со нови „пвц прозорци“ со кои значително би се намалило користењето на електрична енергија за затоплување на судот, а со тоа и на сметките за електрична енергија, како и да се подобри системот за затоплување во судот со поекономичен извор на енергија користејќи ја сончевата енергија преку фотоволтаични панели за кои има проект со пресметка колку би се заштедувало на електрична енергија.

Внатрешните простории во судот на приземјето и првиот кат – каде што се судниците, се покриени со видео-надзор.

Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во голем дел е опремена со метални ормари но истите не се доволни за целата архива на судот па е потребно доопремување. Во подрумските простории кога има врнежи постојано се појавува вода и влага бидејќи истите се наоѓаат во земја и нема изведена добра дренажа на судот, а поради застарената инсталација за електрична енергија можно е да дојде и до несакани последици.

Заради подобрување на просторните услови во судската зграда Основен суд Кратово ангажираше релевантна фирма која што изработи конкретен проект за реновирање на судската зграда во кој се пресметани висината на средствата потребни за реализација на оваа реконструкција која се состои од замена на постоечките дрвени прозорци со пвц прозорци, реновирање на фасадата на зградата со изведба на енергетска ефикасна фасада како и замена на внатрешните врати во судската зграда, но во текот на 2022 година од страна на Судски буџетски совет не беа одобрени средства за капитални инвестиции и реализација на овој проект.

Имајќи го предвид ова, Основниот суд Кратово во категоријата 48 **- Капитални инвестиции**, како приоритетни капитални расходи во 2023 година ги планира следните инвестиции:

**На ставката 480 – Купување на опрема и машини** е планиран износ од 1.270.000,00 денари од кои:

**На потставката 480140 – износ од 500.000,00 денари** за:

1. Набавка на информатичка опрема и тоа:

-5 десктоп компјутери - куќишта (HP, DELL или Compaq) со различни портови за мрежен кабел и USB и по еден уред за CD DVD R/W – со лиценциран оперативен систем WIN10 Profesional,
-5 Монитори (Asus, DELL или Compaq - 19")
-1 скенер (Epson или Canon, Flat bed опција)
-5 принтери (HP Laser jet)
-5 комплети (тастатури, глувчиња, камери, микрофони, звучници)

Како проблем со кој се соочуваме во моментот е делумна амортизираност на информатичкта техноогија за нормално функционирање на судот, а при тоа да се применуваат одредбите од Судскиот деловник и соодветните процесни закони во однос на електронско досие на предметите, електронска достава, тонско снимање на рочиштата како и престојното судење на далечина и хибридно судење како и останатата примена на ИКТ во судот.

Останува проблемот со застарените компјутери кои што се постари од 10 години и веќе се амортизирани и работат со XP оперативен систем кој што повеќе не е компатибилен за работа во многу програми и се со многу чести дефекти и неможност за извршување на секојдневните обврски на истите, па имаме сериозни проблеми во работата во судниците за судење каде што се инсталирани овие застарени компјутери. Поради ова итно е потребно да се набават наведените 5 компјутери со монитори и пропратна опрема, а со цел да не доаѓа до застој во секојдневната работа во судот. Исто така се соочуваме со проблеми и со принтерите кои што се постари од 10 години и набавката на 5 нови принтери е неопходна.

**На потставката 480160 – износ од 120.000,00 денари** за:

1.Набавка на 4 климатизери
Оваа набавка е потребна бидејќи во некои простории во судот нема воопшто инсталирано климатизери, а додека во некои простории пак истите се застарени и не се во функција и не можат да се поправат или пак поправката на истите е неисплатлива.
**На потставката 480190 – износ од 350.000,00 денари** за:

1. Набавка на метални архивски ормари – износ од 50.000,00 денари
Во судската архива која е сместена во подрумските простории во судот има потреба од нови метални ормари за сместување на архивираните предмети, бидејќи во постоечките ормари кои се во мал број капацитетот е исполнет и нема повеќе место за нови предмети.

2. Набавка на метал детектор врата – износ од 300.000,00 денари

Во Основен суд Кратово нема метал детектор врата, па со цел да се зголеми безбедноста во судската зграда потребно е истата да биде набавена.

**На ставката 481 – Градежни објекти** е планиран износ од 5.554.785,00 денари од кои:

**На потставката 481230** - износ од 5.493.785,00 ден.

1.Замена на прозорци - износ од 2.264.713,00 ден. + 134.195,00 ден. = 2.398.908,00 ден.

Неопходна е замена на старите и дотраени дрвени прозорци со нови ПВЦ-прозорци, а со цел подобра звучна и топлотна изолација, да се заштеди при затоплување на просториите во судот во текот на зимскиот период, а дополнително имајќи во предвид дека ОС Кратово се затоплува на електрична енергија со тоа и ќе се намалат и трошоците за електрична енергија која е во постојан пораст. Со ова се зголемува енергетската ефикасност на судската зграда.

2. Изработка на енергетски ефикасна фасада со реновирање на влезна партија (партер и настрешница) - износ од 978.779,00 ден. + 90.599,00 ден.+27.562,00 ден.= 1.096.940,00 ден.

Фасадата на судот е дотраена и на повеќе места веќе се одронува и паѓа, па со оглед на тоа, бидејќи судот се наоѓа на самата прометна улица во центарот на градот може да дојде и до несакани последици по непосредните минувачи до судската зграда. Замената со енергетски ефикасна фасада е дополнително потребна со цел да се задоволат стандардите и да се добие дополнителна топлотна изолација, како и за дополнително да се заштеди на потрошувачката на електрична енергија. Исто така влезот пред судот – партерот е во лоша состојба, плочките на земјата се искршени и небезбедни за движење и затоа потребно е реновирање на овој дел како и на настрешницата над влезот.

3. Замена на внатрешни врати – износ од 507.270,00 ден.

Замената на внатрешните врати е потребна од причина што истите се стари и дотраени, нефункционални, немаат звучна и топлотна изолација, при одржување на судењата се слушаат разговорите од ходникот пред салите за судење и пред судиските канцеларии, што претставува проблем за нормално одржување на судските рочишта од страна на судиите и судските службеници, во зимскиот период се губи толината од судските простории, па при замената со нови врати овие проблеми ќе бидат надминати.

4. Набавка и инсталација на фотоволтаични панели 870.000,00 ден.

Основниот суд Кратово, веќе неколку години наназад се соочува со проблеми од аспект на висината на одобрените финансиски средства при распределбата на годишните буџети за секој суд поединечно. За 2021 година од буџетската сметка има одобрено вкупно буџет од 1.380.000 денари, од кои на ставката 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, се одобрени средства во износ од 1.100.000 денари. Се утврди дека на оваа ставка судот има најмногу расходи од причина што затоплувањето на просториите во судската зграда е на парно греење кое што е на електрична енергија, што во текот на грејната сезона во зимските месеци предизвикува многу поголема потрошувачка на електрична енергија и со тоа ги зголемува сметките за електрична енергија за неколку пати. Од друга страна пак затоплувањето на електрична енергија е еколошко и не предизвикува загадување на животната средина што пак е еден од приоритетите на денешното живеење и кон што се стремиме сите ние за здрава животна средина. Исто така Основниот суд Кратово ја користи електричната енергија во текот на целата година за функционирање на информатичката технологија, сервери, комунални потреби, а во летниот период дополнително и за работа на клима уредите како и сите апарати кои користат електрична енергија. Имајќи го во предвид сето ова направивме истражување и анализа, а со цел да ги намалиме трошоците за електрична енергија, па дојдовме до заклучок дека најдобро решение би било судот да инвестира во проектирање и изведба на фотоволтаична централа односно фотоволтаични панели, за производство на електрична енергија поставена на кровни површини која што од една страна ќе биде еколошка со користење на обновлив извор на енергија, а од друга страна ќе биде финансиски исплатлива. Поради ова побаравме реномирана компанија која се занимава со продажба и инсталација на ваков тип на фотоволтаични централи при што врз основа на нашите фактури за потрошена електрична енергија за последните 6 месеци од нивна страна ни беше доставена понуда за типот и јачината на фотоволтаична централа која би била соодветна за судот како и изработена пресметка за заштедата на електрична енергија за период од 6 месеци која што изнесува намалување од 20% на сметките за електрична енергија односно за износ од 366.080,00 денари за 6 месеци. Истата понуда ви ја доставуваме во прилог на ваше запознавање. Имајќи ја предвид оваа пресметка, средствата за планираната инвестиција би ги повратиле за 2 години. За оваа капитална инвестиција имаме и доставено посебно барање до Судски буџетски совет СУ-05.бр.24/21 од 17.06.2021 година.

**На ставката 483 – Купување на мебел** износ од 150.000,00 денари од кои:

**На потставката 483110** износ од 150.000,00 денари за:

1.Набавка на канцелариски мебел

Оваа набавка е неопходна со цел замена на веќе амортизираниот канцелариски мебел како што: се фотељи, столчиња, маси и бироа во Претседателската канцеларија и друг дотраен канцелариски мебел кој што е стар повеќе од 40 години.

**На ставката 486 – Купување на возила,** износ од 900.000,00 ден.

**1. Набавка на патничко моторно возило**

Оваа набавка е повеќе од потребна бидејќи Основен суд Кратово во моментот располага со едно возило ауди 80 кое што е произведено 1979 година и истото веќе е дотраено со постојани дефекти, така што мора постојано да се носи на сервис со цел да се одржува во возна состојба, а со тоа и трошоците за одржување на моторното возило се големи и истото е неисплатливо за одржување, а од друга страна е и небезбедно за патување, нема ниту клима ниту пак парното греење е исправно. Поради ова набавката на ново патничко моторно возило мора да се обезбеди.

## 7. Извештај за планирани и извршени јавни набавки

Согласно годишниот план за јавни набавки за 2022 година за потребите на судот беа спроведени следните јавни набавки:

**Групни јавни набавки:**

1. Групна јавна набавка на фотокопирна хартија – спроведена од Апелациониот суд Скопје. По склучувањето на главниот договор со носителот на набавката, од страна на овој суд беше склучен анекс-договор СУ-02.бр.6/22 од 04.07.2022 година во вредност од 20.580,00 денари без пресметан ДДВ или 24.284,40 денари со ДДВ, за 100 топа фотокопирна хартија.

2. Групна јавна набавка на мобилни телекомуникациски услуги за период од 24 месеци – спроведена од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. По склучувањето на главниот договор со носителот на набавката од страна на овој суд беше потпишан анекс-договор СУ-02.бр.2/22-12 од 28.07.2022 година во вредност од 60.000,00 денари без ДДВ или 70.800,00 денари со вклучен ДДВ.

3. Јавна набавка на интернет услуги - спроведена од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Основниот договор Судскиот совет го склучи на 24.01.2022 година, а анекс-договорот СУ-02.бр.13/21-5 од 31.01.2022 година од страна на овој суд е склучен со носителот на набавката на износ од 87.420,00 денари без ДДВ односно 103.152,00 денари со вклучен ДДВ за период од 12 месеци.

4. Јавна набавка на информатичка опрема - спроведена од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Согласно склучениот Основен договор со носителот на набавката на 11.07.2022 година, од страна на овој суд е склучен анекс-договор СУ-02.бр.4/22-8 од 28.07.2022 година на износ од 232.800,00 денари без ДДВ односно 244.440,00 денари со вклучен ДДВ.

5. Јавна набавка на нови сервери и друга ИКТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот со сите надградби - спроведена од страна на Врховниот суд на РСМ. Основниот договор е склучен од страна на Врховниот суд со носителот на набавката на 10.05.2022 година, а од страна на овој суд е склучен анекс-договор СУ-02.бр.5/22-2 од 12.05.2022 година на износ од 1.245.269,00 денари без ДДВ или 1.376.366,93 денари со вклучен ДДВ.

Овие јавни набавки се успешно реализирани согласно склучените договори.

**Сопствени јавни набавки:**

Во извештајната 2022 година Основниот суд Кратово со Годишниот план за јавни набавки ги имаше планирано следните јавни набавки: Замена на внатрешни врати на судската зграда со проценета вредност од 416,000,00 денари, Замена на прозорци на судската зграда со проценета вредност од 2.000.000,00 денари, поставување на енергетски ефикасна фасада со реновирање на влезот на судската зграда со проценета вредност од 900,000,00 денари, набавка и инсталација на фотоволтаични панели со проценета вредност од 870,000,00 денари, набавка на метал детектор врата со проценета вредност од 300,000,00 денари, набавка на канцелариски мебел со проценета вредност од 150,000,00 денари и набавка на службено патничко моторно возило со проценета вредност од 900,000,00 денари, меѓутоа истите овие набавки не беа спроведени и извршени од причина што од страна на Судски буџетски совет не беа одобрени средства за реализација на овие јавни набавки.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Судија,
Мирослав Георгиевски